**20262033235**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 86/08, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21, 280/22, 147/23, 176/24, 252/25, 23/26 и 144/26), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“, во точката 87. точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 88. која гласи:

„88. Експлозивен материјал - емулзионо експлозивно средство - EMULNIT за цивилна употреба Modul B, со класификација UN 0241, Тип E, 1.1 D, ADR, производство на „НИТРОКОМ ИНДУСТРИ“, ООД, со седиште на управување град Софија, ул. „Иван Сусанин“ бр.50, со место на производство - атар на с. Цацаровци, општина Златоград, Република Бугарија.“

Бр. 13.1.1-176940/1
31 август 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.